хивата на таа општествено-политичка организација да се стави на располагање на субјектите од точката 3 на оваа декларација, како неопходен услов за расветлување на случаите на кои истата се однесува.

5. Оваа декларација ќе се објави во "Службен весник на Република Македонија".

СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Бр. 07-1497/1
4 април 2006 година
Скопје

Претседател
на Собранието на Република Македонија,
д-р **Љупчо Јордановски,**с.р.

По извршеното срамнување со изворниот текст е утврдено дека во текстот на Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност ("Службен весник на Република Македонија" бр. 33/2006) е направена грешка, поради што се дава

И С П Р А В К А
НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ

Во членот 27-б по ставот (3) пред зборот "Поблиски", треба да стои бројот "(4)".

Бр. 10-1369/2
31 март 2006 година
Скопје

Од Законодавно-правната комисија
на Собранието на Република Македонија

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

527.

Врз основа на член 54, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.03.2006 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ДОГОВОР ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ

Член 1

Со оваа одлука, Владата на Република Македонија дава согласност на Договор за давање на трајно користење на движни ствари, меѓу Министерството за одбрана и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-1352/1
29 март 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.

528.

Врз основа на член 20, став 1, а во врска со член 16, став 2 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 29.03.2006 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ ВО ЗАКУП НА НЕДВИЖНА СТВАР

Член 1

Со оваа одлука, недвижна ствар, - Објект број 40 во Касарната "Гоце Делчев" во Скопје, во вкупна површина од 1.534,17м^2, од кои: приземје со површина од 187,72м^2, кат со површина од 1.194,07м^2, тераса со површина од 74,69м^2 и подрум со површина од 77,69м^2, лоцирани на К.П. бр. 1768/1, КО Кисела Вода II Скопје се дава во закуп, без надомест на Првата Детска Амбасада "Меѓаши" - Скопје и на Здружението на самохрани родители "Скопје" - Скопје.

Член 2

Недвижната ствар од членот 1 на оваа одлука се дава во закуп, без надомест за период од 2 години од денот на влегувањето во сила на оваа одлука.

Член 3

Начинот и условите на користењето на недвижната ствар од член 1 на оваа одлука ќе се утврдат со договор склучен помеѓу Министерството за одбрана и Првата Детска Амбасада "Меѓаши" - Скопје и

Здружението на самохрани родители "Скопје" - Скопје.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во ″Службен весник на Република Македонија″.

Бр. 19-1353/1
29 март 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

529.

Врз основа на член 91 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи ("Службен весник на Република Македонија" бр. 8/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.03.2006 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ НА НЕДВИЖНА СТВАР НА ИМЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ЈАВНАТА КНИГА ЗА ЗАПИШУВАЊЕ НА ПРАВАТА НА НЕДВИЖНОСТИТЕ

Член 1

Се запишува право на сопственост на недвижна ствар-објект, зграда 1 во површина од 508 м^2 и зграда 2 во површина од 35 м^2, во Делчево, ул. "М.М.Брицо", на КП бр. 7053 дел 1, запишан во Имотен лист бр. 1025 за КО Делчево на име на Република Македонија, во Јавната книга за запишување на правата на недвижностите.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-94/2
29 март 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски,** с.р.

530.

Врз основа на член 36, став 3 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 59/00, 12/03 и 55/05), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.03.2006 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕСТАНОК НА КОРИСТЕЊЕ И ЗА ДАВАЊЕ НА КОРИСТЕЊЕ НА ДВИЖНИ СТВАРИ

Член 1

Во Одлуката за престанок на користење и за давање на користење на движни ствари („Службен весник на Република Македонија" бр. 108/05), во Спецификацијата на движни ствари која е дадена во прилог на Одлуката, по точка 24 се додаваат три нови точки: 25, 26 и 27, кои гласат:

25.	Фиксен голем ормар од оплеменета иверица	1
26.	РИТ ПАТЦХ гига 24 порт с кроне тзпе5 ед. мер. 1	1
27.	РИТ ПАТЦХ гига 24 порт с кроне тзпе5 ед. мер. 8	8

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 19-1036/1
29 март 2006 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
д-р **Владо Бучковски**, с.р.